**Кон книгата на Владан Велков**

# ЕВГЕНИЈ ЛАДИСЛАВ ПАЛФИ
## (НЕ) ЗАБОРАВЕНИОТ ГЕНИЈ

Во последниве неколку години, многу неочекувано, во македонската книжевна мисла се појавија две книги, своевидни монографии за дејноста на двајца многу истакнати музички дејци кои најголемиот дел од својата творечка активност ја провеле во Македонија и кои безмалку беа заборавени, пред сè заради генерациските промени кои вообичаено ја следат секоја музичка култура. Првата книга од Михаил Белдедовски е посветена на виолинистот Никола Галевски, со поднаслов *Со виолинаша до свешлинаша,* а втората ја пишува Владан Велков обработувајќи една од најзначајните личности во историјата на македонскиот пијанизам – Ладислав Палфи. И едната и другата книга ги дочекавме со голема радост, бидејќи тие секоја на свој начин впечатливо го прошируваат хоризонтот на нашите знаења не само за овие личности, туку и за целокупната македонска музичка култура, особено од периодот на средината на минатиот (дваесеттиот) век.

Се разбира, издвојувањето на овие две книги е пред сè заради фактот дека тие се изработени од автори чија основна дејност не е музиката: Михаил Белдедовски е новинар и публицист, додека Владан Велков по својата основна професија е невропсихијатар. Ова беше главната причина за нивното одвојување од повеќето монографии кои се појавија во последните децении во македонската музичко-теориска мисла кои се изработени од авторите од музиколошкиот круг. Од друга страна овие две книги си носат и свои специфики, книгата на Белдедовски е дело со публицистички формат, додека книгата на Велков е роман.

Во оваа смисла романот на Владан Велков *Евгениј Ладислав Палфи (Не) заборавениош гениј* претставува обид низ стилистиката и изразните средства на белетристиката сеопфатно да се обработи животот и дејноста на една музичка личност која дава печат на еден цел период од македонската музичка култура во

кој за прв пат се воведува професионалната пијанистичка практика и чии животни настани и кариера носат многу контроверзи и анегдоти кои се прераскажуваат низ повеќе генерации до денес. Затоа фактографијата и теориската минуциозност понекогаш отстапуваат пред идејата да се направи една заокружена приказна, во која читателот треба да се внесе и стане дел од дејствието и доживувањата на главниот јунак.

Заради сето ова веќе со изборот на темата авторот Велков направил значаен чекор за македонската музичка историографија бирајќи личност, Ладислав Палфи, која битно влијаела врз формирањето на стилистиката на македонскте концертни подиуми и од кого учеле идните пијанисти, но и сите оние други со кои тој работел, односно соработувал.

Од друга страна може да се очекува дека книгата на Велков не само што го расветлува животниот пат и делото на Ладислав Палфи, туку фрла светлина и врз цела низа настани и личности кои го чинат јадрото на македонската музичка култура во втората половина на дваесеттиот век.

Нема дилеми дека ваквите трудови се од посебно значење за реставрацијата и пополнувањето на многуте делови од извонредно богатиот македонски музички мозаик. Затоа преку овој труд Владан Велков, покрај литерарните вредности и документирањето на податоците за еден од доајените на македонскиот пијанизам, дава и посебен придонес во заштитата на македонското културно наследство.

Како што истакнавме д-р Владан Велков според професијата не доаѓа од кругот на музичката теорија, но во повеќегодишните контакти со Ладислав Палфи, посебно во социотераписката заедница во Психијатриската болница „Скопје", трпеливо собрал огромен број податоци и артефакти за него, од кои најголемиот дел се искажувања, но и пишани материјали од самиот Ладислав Палфи.

Самата книга е изработена во дијалошка, односно кога се работи за искажувањата на самиот Палфи, во монолошка форма. Со тоа читателот ги следи не само настаните од животот на главната личност на романот, но и структурата на нејзината свест, емотивност, знаење, ставови и мотивација. Чувајќи ја

изворноста на неговиот говорен израз, (вклучувајќи ја и лексиката и синтаксата), Велков во вистинска смисла нè пренесува во ликот на неговиот главен јунак.

На крајот од книгата се наоѓаат и повеќе искажувања на современиците на Ладислав Палфи, кои се уште едно надополнување и придонес за комплетноста на овој книжевен труд. Авторот Владан Велков кон книгата приложува и три есеи за *генијалноста, лудилото* и *староста и генијот* во кои преку искажувањата на повеќе мислители од различни периоди, прави обид да ја заокружи и теориската димензија на текстот.

Сепак, бирајќи ја литерарната форма – роман, како основна формална рамка на неговото дело, Владан Велков си овозможил слобода за едно необврзано реконструирање на истражуваната тема, односно анализа и толкување на собраните податоци. Но затоа преку стилистиката која Велков ја избрал за претставувањето на истражуваниот предмет, оваа материја ја направил читлива и интересна за најширок круг на читатели, кои преку неа ќе дознаат многу детали за културниот живот и традицијата на Македонија.

Затоа нема дилеми дека појавата на овој роман треба сесрдно да се подржи и препорача неговото објавување не само во неговата електронска верзија на веб страницата на ИРАМ, која недвосмислено ќе ја глобализира неговата пристапност, туку и во печатена форма, со што ќе се заокружи благородната мисија која авторот Владан Велков ја презел во овековечувањето на истакнатиот македонски музички уметник Ладислав Палфи.

Скопје, 14 февруари 2008 година　　　　Проф. д-р Димитрије Бужаровски